**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Десеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија**

**одржана на 20 декември 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љупчо Анушев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

61 пратеник има во салата.

Бидејќи рековме дека ќе се проверуваме, службите нека избројат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги бројат пратениците во салата).

(При првото броење присутни беа 63 пратеници во салата).

По барање на претседателот на Собранието се врши уште еднаш пребројување на пратениците во салата.

65 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и сега Собранието може полноважно да одлучува.

Го заклучив претресот по текстот на Предлогот на законот за одбрана.

Не можеме да минеме на гласање, бидејќи не е присутен потребниот број на пратеници, кои и сите кога би гласале, не може да се донесе овој закон. Затоа, ја одлагам оваа точка.

Господинот министер за одбрана сака да каже нешто околу ова.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Точно е дека треба да се одложи гласањето за законот за одбрана, бидејќи треба да има 2/3 мнозинство. Меѓутоа, имаме една ситуација која говори, сепак, нешто друго за што сакам и чувствувам потреба, односно и обврска да констатирам, а тоа е ставот на опозицијата во овој Парламент , односно на СДСМ и колку што знам ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција дека ќе влезат во Парламентот кога ќе дојде гласањето за законот, а тоа беше и за расправата кога се водеше околу законот за одбрана, доколку парламентарното мнозинство обезбеди да почне седницата со работа. Тоа значи да има кворум, да има повеќе од 61 пратеник. Тоа се случи во два наврати досега. Значи, на 11 во понеделник кога почна Собранието да работи на своја седница во 13,30 часот почна расправата, меѓутоа, претседателот на Собранието господинот Андов соопшти дека за еден ваков закон и поради еден таков пројавен однос на СДСМ, да дадеме можност да не чекаме во тој термин да дојдат во собраниската сала, иако констатацијата од пратениците беше дека СДС односно пратениците се тука во Парламентот. Беше одложено продолжувањето за попладнето. Потоа, наредниот ден ние продолживме со работа со расправата со законот за одбрана и таа се водеше. Повикот на пратениците на СДСМ веќе втор ден беше од оваа собраниска сала упатен да дојдат тука да разговараме за законот, да го слушнеме и нивното мислење и на крајот на краиштата и покрај учеството во таа расправа околу амандманите, да го соопштат својот став поединечно ако ценат, а ако не во име на Пратеничката група , па да знаеме, сепак, кој е нивниот став околу Законот за одбрана . И, понатаму, продолжи нивното мислење и нивниот став дека доколку се обезбеди кворум за работа на Парламентот дека тие ќе учествуваат во работата. Меѓутоа, очигледно станува збор за големи игри,за кои можеме да зборуваме , ако не сега, на друго место по друг повод зошто се отсутни и зошто се манифестира ваков однос кон законот за одбрана.

Видете, ова е суштински документ за безбедноста на една

држава, на Република Македонија. Јас не очекувам ниту како човек да се појавуваат вакви кукавички однесувања , затоа што за вакви сериозни документи не треба шетање по ходници и не треба кукавичко однесуваше, туку треба да се седне во оваа собраниска сала, покрај сето ова трпение што е пројавено досега

и да разговараме за таа работа. Очигледно, за текот на расправата присуството на СДСМ не беше тука и не сакаат да учествуваат. Едно говоревме на седниците на собраниската комисија,каде што морам да признам дека , сепак, преовладуваше многу повеќе конструктивната расправа и односи од претставниците на СДСМ , а друго се претставуваше и се даваа изјави во медиумите. Мислам дека за сериозни луѓе, кои се претставници во овој законодавен дом таквото однесување дволично едно на собраниските седници на Комисијата , а друго во јавноста во медиумите и вакво однесуваше кон овој закон, мислам дека е крајно не долично и јавноста на Република Македонија мора да знае дека ова е класично блокирање не само на работата, тука не се мешав во работата на Парламентот, но со ова класично се блокираат системот на институциите во Република Македонија, пред се, од аспект на безбедносниот карактер.

Затоа што, во овој нов документ во кој прв пат се вградуваат одредби како да биде регулирано нашето учество на меѓународен план. Како да биде регулиран претстојат на меѓународни воени структури во РМ» се регулира со овој закон , пролонгирањето на неговото донесување, се врши пролонгирање на наше учество во меѓународни мировни мисии.

Од тие причини мислам дека ова е директно опструирање на функционирањето на безбедносниот систем во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Ова го сваќаме како деловничка интервенција и укажување-

Јас сакам да Ви кажам зошто ја закажав оваа седница и оваа точка за гласање, бидејќи премиерот , претседателот на Републиката и министерот за одбрана укажаа дека овој закон треба до крајот на годината да го донесеме, за да би можеле да почнат реформите во армијата во почетокот на идната година. Мислев дека е моја задача да ги направам сите потребни напори и да закажам гласање овде , што тоа го сторив, но констатирам дека нема услови за гласање и ја одлагам понатаму оваа точка и ќе закажам на неа да се вратиме кога ќе се исполнат условите.

(Седницата прекина со работа во 13,10 часот.)